*Број: 02 - __________*
*_______ 2017 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од CCXVI-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 29 декември 2016 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Владимир Димковски, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутен);*

- *Јасмина Смилевска, шеф на одделот за болничка здравствена заштита (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети, по што го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
2. *Предлог за изменување на одлуките за утврдување на висината на договорните надоместоци за 2016 година за приватните здравствени установи кои вршат дијализни третмани на осигурените лица со кои Фондот има склучено договор;*
3. *Буџет на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*
    - *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*
    - *Предлог за донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*
    - *Распределба и структура на Буџетот за 2017 година*
4. *Предлог за утврдување на договорни надоместоци за 2017 година за јавните здравствени установи;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за Годишен план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2017 година;*
6. *Предлог за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од болничката здравствена заштита (кардио хирургија, очна хирургија, бањи, фармацевтски факултет);*
7. *Предлог за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за дијализните центри за здравствени услуги на осигурените лица кои се на хронична дијализа;*
8. *Предлог за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од областите на специјалистичко - консултативната здравствена заштита и специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита, лабораториите кои работат по упат на матичен лекар (ЛУ1) и за МАНУ;*
9. *Предлог за определување на месечниот износ на средства за ПЗУ аптеки за 2017 година;*

*10. Предлог за донесување на Програма за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и подрачните служби на Фондот за 2017 година;*
*11. Предлог за референтни цени на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (донесување на Одлука за утврдување на предлог – референтни цени на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ и на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ);*
*12. Предлог за донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*13. Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*14. Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*
   - *Барање од аптеката Мими Фарм – Скопје;*
   - *Барање од обврзник за плаќање на придонес за ослободување од плаќање на камата;*
   - *Барање од специјалната болница Филип Втори – Скопје;*
   - *Барање од ПЗУ Лавита 2 – Скопје;*
   - *Барање од Дател Фарм – Центар Жупа;*
*15. Разно.*

*Потоа наведе дека од директорите на Фондот е побарано точките 11 и 13 да се симнат од дневниот ред и да се разгледуваат на некоја од следните седници. Управниот одбор го прифати предлогот, по што за работата на CCXVI-та седница едногласно усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
2. *Предлог за изменување на одлуките за утврдување на висината на договорните надоместоци за 2016 година за приватните здравствени установи кои вршат дијализни третмани на осигурените лица со кои Фондот има склучено договор;*
3. *Буџет на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*
   - *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*
   - *Предлог за донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*
   - *Распределба и структура на Буџетот за 2017 година*
4. *Предлог за утврдување на договорни надоместоци за 2017 година за јавните здравствени установи;*

5. *Предлог за донесување на Одлука за Годишен план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2017 година;*
6. *Предлог за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од болничката здравствена заштита (кардио хирургија, очна хирургија, бањи, фармацевтски факултет);*
7. *Предлог за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за дијализните центри за здравствени услуги на осигурените лица кои се на хронична дијализа;*
8. *Предлог за утврдување на договорните надоместоци за 2017 година за приватните здравствени установи од областите на специјалистичко - консултативната здравствена заштита и специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита, лабораториите кои работат по упат на матичен лекар (ЛУ1) и за МАНУ;*
9. *Предлог за определување на месечниот износ на средства за ПЗУ аптеки за 2017 година;*
10. *Предлог за донесување на Програма за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и подрачните служби на Фондот за 2017 година;*
11. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор:*
    - *Барање од аптеката Мими Фарм – Скопје;*
    - *Барање од обврзник за плаќање на придонес за ослободување од плаќање на камата;*
    - *Барање од специјалната болница Филип Втори – Скопје;*
    - *Барање од ПЗУ Лавита 2 – Скопје;*
    - *Барање од Дател Фарм – Центар Жупа;*
13. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

*ТОЧКА 1 - Буџет на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година (Предлог за донесување на Одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година, Предлог за донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година, Распределба и структура на Буџетот за 2017 година)*

*Буџетот на Фондот и неговиот распоред по намени го образложија директорите Стефаноски и Рамадани и Владимир Димковски. Потоа, Управниот одбор едногласно ги донесе следните одлуки:*

*Одлука*
*за утврдување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*

*и*

*Одлука*
*за извршување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година*

*ТОЧКА 2 – Предлог за донесување на Програма за за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и подрачните служби на Фондот за 2017 година*

*Управниот одбор, имајќи ги во вид работните материјали за оваа точка од дневниот ред, едногласно ја усвои предложената*

*Програма*
*за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и подрачните служби на Фондот за 2017 година*

*ТОЧКА 3 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година*

*Врз основа на предлогот содржан во работните материјали за оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

*Одлука*
*за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година*

*со која поради неостварување на предвидените здравствени услуги во 2016 година беше намален договорниот надоместок на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на РМ.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за изменување на одлуките за утврдување на висината на договорните надоместоци за 2016 година за приватните здравствени установи кои вршат дијализни третмани на осигурените лица со кои Фондот има склучено договор*

*Објаснување за оваа точка дадоа директорите Стефаноски и Рамадани и Бранислава Катушевска. Наведоа дека предлогот се дава по барање на здравствените установи „Диамед Македонија“ од Скопје и „Систина Нефроплус“ од Кавадарци, затоа што поради зголемениот обем на услуги што ги давале, имаат потреба од дополнителни средства за извршување на планираните хемодијализни третмани. Зголемениот обем се должи на зголемениот број на осигурени лица со хронична бубрежна*

*инсуфициенција и на зголемениот број на странски осигуреници. По извршената анализа во Фондот се заклучи дека постои оправданост за зголемување на надоместокот на овие две установи, особено имајќи во вид дека услугите што ги даваат не трпат одлагање па за нив не е можно да се создаваат листи на чекање.*

*По објаснувањето и кусата дискусија на членовите што следуваше, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Диамед Македонија“ Скопје за третирање на осигурените лица со дијализа во 2016 година***

*и*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Систина Нефроплус“ – Кавадарци за третирање на осигурените лица со дијализа во 2016 година***

*со кои се извршија предложените измени на надоместоците на двете здравствени установи.*

*Потоа, имајќи ги во вид објаснувањата и дискусијата по првата точка, врз основа на предлозите и образложенијата содржани во работните материјали, Управниот одбор едногласно ги донесе одлуките за утврдување на надоместоците на установите со кои склучува договори заради обезбедување на здравствени услуги за осигурените лица, и тоа:*

*ТОЧКА 5 -*

***Одлука***
***за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2017 година***

*ТОЧКА 6 –*

***Годишен план***
***на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2017 година***

*ТОЧКА 7 –*

*Одлука*
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ - Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година***

*Одлука*
***Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ - Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година***

*Одлука*
***Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ „Очна болница Еуропиан Еје Хоспитал“ - Скопје за услуги од областа на офталмолошката болничка здравствена заштита во 2017 година***

*Одлука*
***Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ „Систина Офталмологија“ - Скопје за услуги од областа на офталмолошката болничка здравствена заштита во 2017 година***

*Одлука*
***Одлука за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Специјална болница по офталмологија „Серафимовски“ - Скопје за услуги од областа на офталмолошката болничка здравствена заштита во 2017 година***

*Одлука*
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа „Катлановска Бања“ ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот за 2017 година***

*Одлука*
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од АД „Цар Самуил “- Банско на осигурените лица на Фондот за 2017***

*Одлука*
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по физикална медицина и***

*рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар на осигурените лица на Фондот за 2017 година*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „АД" Негорски бањи" Негорци –Гевгелија на осигурените лица на Фондот за 2017 година*

*и*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Фармацевтскиот факултет – Скопје во 2017 година*

*ТОЧКА 8 –*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа Специјална болница за нефрологија и дијализа „Диамед“ Скопје за третирање на осигурените лица со дијализа во 2017 година*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Диамед Македонија“ за третирање на осигурените лица со дијализа во 2017 година*

*и*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Систина Нефроплус“ – Кавадарци за третирање на осигурените лица со дијализа во 2017 година*

*ТОЧКА 9 –*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за 2017 година*

*Одлука*
*за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2017 година*

*Одлука*

***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита за 2017 година***

*и*

*Одлука*

***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе ги исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во 2016 година***

*ТОЧКА 10 – Предлог за определување на месечниот износ на средства за ПЗУ аптеки за 2017 година*

*Предлогот го образложи Владимир Димковски. Наведе дека висината на месечниот износ на средства за 2017 година се пресметува врз основа на просечно месечно реализираните износи на квоти согласно податоците со кои располага Фондот во последните шест месеци и расположливите средства во Буџетот на Фондот. Предвидените вкупни буџетски средства на Фондот за лекови на рецепт во 2017 година се за 200 милиони денари поголеми во споредба со 2016 година. Од вкупно 778 аптеки кои во моментов имаат активен договор, во анализираниот период кај 729 аптека реализацијата е над 90% па кај нив согласно правилникот е потребно зголемување на квотата. Меѓутоа, поради високата реализација на квотите кои значително беа зголемени од месец септември, согласно член 6 став 2 и став 3 од правилникот и ограничените средства, предлагаме квотите на аптеките со реализација над 90% од 01.01.2017 година да останат исти. Истовремено, направена е пресметка на квоти за две нови аптеки - кои до ФЗОМ доставија комплетна понуда за склучување на договор и се дел од мрежата на здравствени установи.*

*Потоа дискутираа членовите на Управниот одбор при што посебно се изрази незадоволство од зголемувањето на вкупните средства наменети за лекови за кое се смета дека е последица на навиката за нерационално препишување на лекови во земјата. На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

*Одлука*

***за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година***

*ТОЧКА 11 – Предлог за донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По објаснувањето на директорот Стефаноски дека согласно Законот за здравственото осигурување, вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија се утврдува со одлука на Управниот одбор, секоја година во рок од десет дена по усвојувањето на буџетот на Република Македонија, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 12 – Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор ги разгледа барањата на ПЗУ Дател Фарм - 2 од Центар Жупа, на Васо Спасовски од Скопје и на аптеката Мими Фарм од Скопје.*

*Потоа Управниот одбор се запозна со одговорите на барањата на ПЗУ Лавита 2 од Скопје и на специјалната болница Филип Втори од Скопје кои покрај до Управниот одбор биле истовремено упатени и до директорот на Фондот поради што веќе им се дадени одговори.*

*Бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката 13 – Разно, по разгледувањето на точката 12 дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 14.30 часот заврши со работата на CCXVI-та седница.*

| Записничар, | Управен одбор |
|---|---|
| Христо Трповски | Претседател, |
| | Ангел Митевски |

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*